# Услови за конкурирање за

# Компании или поедници кои дизајнираат, развиваат и реализираат вебсајтови

**I. Општи информации**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши (Меѓаши) е невладина, непартиска и непрофитна организација чија мисија е заштита на децата и нивните права. Мандатот на Меѓаши е заштита и одбрана на детските права преку што се стреми кон остварување на својата визија за „Поправеден свет за секое дете“. Овој мандат е отелотворен во секоја активност, програма или проект што Меѓаши го спроведува, во секоја иницијатива за застапување на правата на децата и во секоја услуга што организацијата ја обезбедува.

**II. Општи информации за проектот**

Во последните четири години Меѓаши го реализира проектот „Да ги земеме правата во наши раце“, во партнерство со Save the Children Kosovo што е финансиски поддржан од Владата на Шведска (СИДА).

Една од целите на проектот е промовирање, заштита и исполнување на правата на децата во земјата со фокус на соодветно известување за кршење на детските права. Меѓу активностите за постигнување на оваа цел е и работата на СОС телефонот за деца и младинци преку кој сите што се загрижени за добросостојбата на децата и младите и почитувањето на нивните права може да добијат поддршка. СОС- телефонот за деца и млади функционира повеќе од 27 години, од октомври 1993 година. Во текот на сите овие години обезбедена е некаква помош и/или совет на 21 087 пријавени случаи. Бројот на повиците во текот на 2020 година беше повеќе од двојно зголемен споредено со претходната (2019) година и се очекува истиот и понатаму да се зголемува. Оттаму, во текот на 2020 година се ангажираа и волонтери за да ја поддржат ефикасноста на работата на СОС линијата.

Работата на СОС-телефонот е цврсто заснована на принципите на Конвенцијата на ООН за правата на детето што ги истакнуваат правата на децата на приватност и заштита од повреда. Притоа, принципите на доверливост и анонимност се во основата на работата. Податоци за дојавувачите и засегнатото дете се доставуваат на надлежните институции само доколку сериозноста на проблемот го наложува тоа.

Целта на СОС-телефонот за деца и млади е да овозможи споделување информации и поддршка за некое прекршено право на детето, помош при застапување и лобирање, промовирање на правата на детето и промоција на СОС-линијата како медиум за помош на децата. Во текот на разговорите не се даваат готови решенија на проблемите, бидејќи не постојат универзални решенија, туку се разговара за можни алтернативи за решавање на проблемот за кој ни се јавиле.

Досега единствениот прв канал за комуникација е преку телефон, иако во помал број случаи и преку социјалните мрежи на Меѓаши (Фејсбук страниците) и преку електронска пошта. Со цел

поголема промоција на СОС-телефонот меѓу децата и адолесцентите планирана е дигитализација на линијата. Забележана е тенденција во последните неколку години на ниска стапка на јавувања од деца и/или млади на постојниот телефон. Направеното истражување во 2019 година ни покажа дека единствениот пристап до советодавната улога на оваа служба единствено преку телефон не соодветствува на навиките на младите, особено во услови кога поголемиот дел од времето заради пандемијата целото семејство е дома и нема услови за доволно приватност. Јавувањето на телефон дури може да биде и опасно во случај на семејно насилство. Голем број луѓе се поотворени кога комуницираат по писмен пат, преку пораки или тн. „чет“ опции, отколку на телефон. Овој начин на комуникација исто така овозможува и подискретен начин на добивање помош или поддршка. Четот и пораките особено се полесни канали за комуникација за младите луѓе и поблиски до нивните секојдневни комуникациски навики.

Оттаму за да се Во текот на април и мај беше спроведено сеопфатно истражување кое вклучуваше: **преглед и анализа (деск-анализа)** на некои од постојните веб страници на СОС линии во регионот и во светот; **онлајн истражување** на примерок на деца и млади на возраст од 11 до 18 години за навиките и преферираните начини на комуникација при барање совет, областите за кои имаат потреба од совет и поддршка, како и темите од нивни интерес; **предлог концепт** на содржини и комуникациски канали што ќе ги содржи идната веб-страница. Крајниот призвод на ова истражување е **предлог концепт на содржини и комуникациски канали што ќе ги содржи идната веб страница**, со цел модернизација на комуникацијата, дигитализација на СОС услугата преку дизајнирање посебен вебсајт што ќе нуди повеќе онлајн можности за комуникација.

## III. Цел

За постигнување на соодветна промоција на услугата на Линијата за помош на деца и млади, особено меѓу оваа целна група ***Меѓаши*** ќе ја модернизира комуникацијата со дигитализацја на оваа услуга за таа цел Меѓаши бара поединци или компанија за изработка на вебсајт што ќе нуди повеќе онлајн можности за комуникација, како што се чет со психолог; ресурси за прашања поврзани со Ковид-19, менталното здравје, или други прашања важни за децата и младите во развој; блогови на различни теми; едукативни содржини за подигнување на свеста и унапредување на правата на детето и сл.

## IV. Задачи, одговорности и временски рокови

Главната задача на ангажманот е дизајн, изработка и имплементација на јавен, широко достапен вебсајт, што ќе нуди и опциии за директна комуникација преку чет и систем за управување со содржини (content management system) за Линијата за помош на деца и млади на Меѓаши.

| Бр. | Задачи/Барања | Производ | Рок за испорака |
|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на систем за управување содржини - Создавање или дефинирање систем/платформа за управување со содржината (content management system/platform) што ќе дозволи нетехнички персонал од Меѓаши да ажурира веднаш содржини на вебсајтот на определени страници од сајтот. Поконкретно:<br>- Поставувањето документи и медуимски содржини на вебсајтот преку CMS мора да биде неограничено како и да може да се пребарува на најпознатите пребарувачи. | - Систем за управување содржини (Content Management System - CMS)<br>- Обука на персоналот од Меѓаши за | Август – крај на ноември 2021 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Креирање нови страници на вебсајтот – администраторот на вебсајтот мора да биде во можност да става / дизајнира содржини на таа страница (пасуси и слики што се користат на веб страницата) со минимално познавање само на HTML,JavaScript & CSS. Исто така, додавањето на новосоздадените страници во главното мени со категории и подкатегории треба да биде едноставна задача преку додавање, ажурирање и зачувување.<br>- CMS мора да има можност да создава корисници и групи на корисници и да назначи кој какви овластувања има. Сите промени направени со употреба на CMS од овластените корисници мора да бидат најавени во веб апликацијата.<br>- Повеќејазичен: интерфејсот и содржината на вебсајтот ќе бидат на три јазика (македонски, албански и англиски), затоа CMS на вебсајтот мора да му овозможи на администраторот да прикачува секаков вид на податоци и содржина на трите јазика.<br>- Компатибилност со различни прелистувачи (Cross browser compatibility): предложената веб апликација мора да може да работи на сите видови веб прелистувачи подеднакво (Edge, Firefox, Chrome, Safari и Opera).<br>- Можност за користење на CMS делот за ажурирање на вебсајтот преку мобилен уред.<br>- Пребарувач на вебсајтот: целата содржина на сајтот мора да биде индексирана и да може да се пребарува, а резултатот што се враќа мора да ги потенцира клучните зборови и да ги отстрани дуплираните резултати, мора да биде достапна напредна можност за пребарување за да се создаде подобар механизам за пребарување<br>- Галерија: вебсајтот треба да има готови алатки за создавање галерија со фотографии или видео галерија.<br>- Видеа: Да има можност за директно повлекување видеа од YouTube однсоно со пишување URL или други страници наместо да се обидуваме да ги преземеме и ставиме на сајтот, што предизвикува проблеми.<br>- Можност за вметнување на HTML код во страниците на CMS.<br>- Можност да се додава, модифицира, или избрише една или повеќе страници без никакво нарушување/паѓање на сајтот.<br>- Можност за додавање банери или слики што може да се кликнат на која било страна од почетната страница на сајтот.<br>- Какви било нови технички решенија се добредојдени.<br>- Флексибилност во додавање текст, подигнати датотеки, надворешни линкови и слики на сите страници | CMS и изворниот код | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Интеграција со други апликации на Меѓаши<br>Можност за API конекции за пребарување и повлекување податоци од други датотеки на Меѓаши<br>Можност за API конекции за пребарување и повлекување податоци од други датотеки на Меѓаши | Обезбедена и заштитена API конекција меѓу CMS и другите системи. | |
| 3. | Дизајн на вебсајт:<br>- Заедничка тема и постојан дизајн. Секој дел од вебсајтот треба да има заеднички изглед и чувство (видете прилог во кој се дадени насоки за дизајнот на вебсајтот од истражувањето) http://childrensembassy.org.mk/content/pdf/Prilog%20kon%20konkurst%20za%20vebsajt%20d izajn.pdf . Употребата на фотографии, бои, фонтови и распоред треба да е во согласност со целата страница. Дизајнот треба да биде флексибилен и да се адаптира на различни големини на екрани, со минимизирање на хоризонталното скролување, и на различни брзини на интернет конекција.4 • Визуелна привлечност - вебсајтот мора да има атрактивна мешавина од текст и графика што не го оптоварува корисникот. • Лесен за навигација - вебсајтот треба да има едноставна и интуитивна навигација што им овозможува на корисниците лесно да идентификуваат каде се наоѓаат во рамките на вебсајтот и каде треба да одат. Информациите треба да бидат групирани и презентирани на логичен начин и да бараат не повеќе од три нивоа на линкови на содржини (‘drill down’) за корисникот да ги најде посакуваните информации. • Вебсајтот мора да биде на три јазици: македонски, албански и англиски. • Функција за пребарување: да обезбеди можности користејќи клучни зборови или фрази со кои ќе се идентификува содржина од целата веб-страница. | Функционален вебсајт со висок квалитет | |
| 4. | Одржување, безбедност и хостирање | | |

**V. Профил на експертот назначен од страна на компанијата**

КРИТЕРИУМИ ЗА КОМПАНИЈАТА/ВЕБ ДИЗАЈНЕРИ ПОЕДИНЕЦИ И СТРУЧНИ ПОЗНАВАЊА:

Добро етаблиран/а високо квалификуван/а искусен/на поединец или компанија, кој/а има искуство во изработка на веб портали и решенија за менаџмент/управување со содржини според потреби, интеграција на податоци и API, како и експертиза со успешни примери во однос на:

- Успешно дизајнирани вебсајтови
- Корисничко искуство и тестирање на употребливоста/функционалноста
- Архитектура на информации (information architecture)
- Подобар опсег на е-услуги (better e-services reach)
- Проширување на капацитетот на услугата преку интернет (онлајн услуги)
- Проширување на опсегот на повеќе платформи
- Изработка и поставување на вебсајт

- Хостирање на вебсајт
- Стратегија на содржина (content strategy)
- Интеграција на податоците со моменталните апликации и платформи
- Респонзивен дизајн
- Искуство со граѓански орагнизации или хуманитарен контекст ќе се смета за предност.

**VI. Хонорари/ Услови на исплата**

- 20% по договорен и одобрен технички предлог
- 30% по испорака на одобрен back end развој
- 50% по одобрување на вебсајтот да биде пуштен во употреба

ДОГОВОР ЗА НИВОТО НА УСЛУГАТА

Компанијата/поединецот ќе обезбеди обука за најмалку еден а најмногу тројца вработени во ПДАС Меѓаши и одржување на вебсајтот во рок од две години како дел од дадените производи/резултати.

ИНДИКАТОРИ ЗА ИЗВЕДБАТА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

- Навремено доставување на производите според договорените и одобрените барања
- Квалитет на производите

СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ НА ВЕБСАЈТОТ
Следењето на текот на изведбата ќе се случува на секои две до три недели за да се види напредокот во процесот согласно договорената временска рамка и барањата.

УСЛОВИ
Добавувачот ќе работи на свој/и компјутер/и и ќе користи сопствени канцелариски извори при извршување на задачата. Надоместокот на добавувачот треба да ги вклучува сите административни трошоци.

ОПЦИЈА НА МЕЃАШИ ВО СЛУЧАЈ НА НЕЗАДОВОЛИТЕЛЕН РЕЗУЛТАТ

Во случај на незадоволителна изведба, исплатата ќе биде задржана се додека не бидат доставени производи со бараниот и договорениот квалитет. Доколку компанијата/ поединецот не е во можност да ја заврши задачата, договорот ќе се прекине со претходно исвестување во рок од 30 денови пред рокот на раскинување на договорот.

**VII. Аплицирање**
Заинтересираните компании треба да ги испратат своите апликации не подоцна од 9.08.2021 до **23:59** часот на следнава адреса info@childrensembassy.org.mk. За дополнителни прашања можете да се јавите меѓу 2. и 4. август 2021 г. до 16:00 часот на 076 421 232.

a. Техничка понуда: Врз основа на погоре опишаниот обем на задачата при што целта, задачите и производите наведени погоре се земени предвид, техничката понуда треба да ги содржи следните детали: Временска рамка на испорака на производите/резултатите, Архитектура на

решението, Карактеристики и функционалност на системот, Работен план/методологија на изработка на проектот, Докажано искуство/работа на СУС на повеќејазичен вебсајт

б.  Предлог за тимот кој ќе ја имплементира работата, со CV на клучните членови во тимот и јасно дефинирани улоги на секој член на тимот – за компании, за поедници, најмалку две лица, нивно CV и дефинирани улоги

в. Финансиска понуда за секоја задача наведена погоре во табелата; Финансиската понуда треба да биде испратена како посебен документ, јасно именуван „Финансиска понуда“. Никакви финансиски информации не смеат да бидат наведени во Техничката понуда

г.  Агенциско портфолио/референци: Профил на компанијата / ЦВ на поединецот, Портофолио (претходно искуство, корисници и производи)